Врз основа на член 111-в став (9) од Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19 и 176/21), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на проверка и потврдување на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на Северно атлантската договорна организација и нејзините земји членки и содржината на потврдата за исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на Северно атлантската договорна организација и нејзините земји членки

### Член 1
Со овој правилник се пропишува начинот на проверка и потврдување на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на Северно атлантската договорна организација (во натамошниот текст: НАТО) и нејзините земји членки, како и содржината на потврдата за исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји-членки.

### Член 2
Економските оператори кои се заинтересирани за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, поднесуваат барање за издавање на потврда за исполнетост на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки (во натамошниот текст: барањето), кое е дадено во прилог и е составен дел на овој правилник.

Барањето се поднесува до архивата на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) или на електронската адреса: natonabavki@mod.gov.mk.

Од Министерството барањето се проследува до Комисијата за проверка на исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата).

Од страна на претседателот на Комисијата се закажува состанок на Комисијата, најдоцна пет работни дена од приемот на барањето. Во поканата за состанок, се определува и член на Комисијата кој ќе изврши известување за барањето.

Комисијата, доколку процени дека е потребно, може да побара и дополнителна документација од барателот, за што веднаш го известува преку електронската адреса која е наведена во барањето.

Во случајот од став 5 на овој член, од страна на барателот се доставуваат бараните документи до архивата на Министерството или на електронската адреса: natonabavki@mod.gov.mk, најдоцна 15 работни дена од приемот на известувањето.

Во зависност од техничките и професионалните услови за учество во постапките за набавки, од страна на Комисијата, доколку е потребно, се врши и увид во работните простории на правното или физичкото лице каде што ја извршува дејноста, за што се известува субјектот најмалку три работни дена пред вршење на увидот.

За исполнетоста на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, од страна на Комисијата се одлучува најдоцна 30

работни дена од прием на барањето и се доставува предлог за издавање потврда за исполнетост на условите до министерот за одбрана или до од него овластено лице.

**Член 3**

Во потврдата за исполнетост на условите за учество во постапките за набавки за потребите на НАТО и нејзините земји членки, се наведуваат податоците за барателот, податоците за набавката, како и наброени се условите кои се бараат во набавката, а барателот ги исполнува.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Министер за одбрана,
Радмила Шекеринска Јанковска

Бр. 01-5646/1
Датум 07-09-2021

Прилог

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА НАБАВКИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НАТО И НЕЈЗИНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ**

| | |
|---|---|
| Назив на трговското друштво | |
| Единствен даночен број на трговското друштво | |
| Единствен матичен број на субјектот | |
| Адреса/Седиште | |
| Лице за контакт | |
| Телефонски број | |
| Електронска пошта | |
| Интернет страница на трговското друштво | |
| Забелешка | |
| Придружна документација (се обележува документот кој се доставува)[1] | |

- Изјава дадена под морална, материјална и кривична одговорност потпишана и заверена од самиот економски оператор, со која се докажува дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење на пари; □
- Потврда издадена од надлежен орган како доказ дека не е отворена постапка за стечај; □
- Потврда издадена од надлежен орган како доказ дека не е отворена постапка за ликвидација; □
- Тековна состојба на субјектот; □
- Потврда за регистрирана дејност (ДРД); □
- Уверение издадено од надлежен орган како доказ за платени даноци и придонеси; □
- Потврда издадена од надлежен орган за водење на регистри во кои се впишуваат изречени казни како доказ дека на економскиот оператор не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство; □
- Потврда издадена од надлежен орган за водење на регистри во кои се впишуваат изречени казни, како доказ дека на економскиот оператор не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност; □
- Потврда издадена од надлежен орган за водење на регистри во кои се впишуваат изречени казни, како доказ дека на економскиот оператор не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност; □
- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција, како доказ дека на економскиот оператор не му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност; □
- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција, како доказ дека на економскиот оператор не му е изречена забрана за вршење одделна дејност; □
- Доказ за релевантно осигурување за надомест при професионален ризик; □
- Извештај за билансот на состојба заверен од надлежен орган, односно ревидиран биланс на состојба, или извадоци од извештајот за билансот на состојба; □
- Листа на главни испораки извршени во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување на потврда за извршени испораки издадени од примателите или со изјава за извршени испораки; □

- Опис на техничката опременост и оспособеност на економскиот оператор, мерки за осигурување на квалитет и негова опременост и оспособеност за испитување и истражување, со изјава; □
- Изјава за ангажиран технички персонал и технички органи без оглед на тоа дали тие непосредно му припаѓаат на економскиот оператор; □
- Доколку поседувате безбедносен сертификат за правно лице, Изјава за носителот на безбедносниот сертификат со наведен степен на класифицирани податоци, сериски број и важност на безбедносниот сертификат; □
- Доколку поседувате безбедносен сертификат за физичко лице, за секое физичко лице поединечно Изјава за носителот на безбедносниот сертификат со наведен степен на класифицирани податоци, сериски број и важност на безбедносниот сертификат; □
- Изјава за исполнетост на технички услови. □

Датум

______________

Потпис на барател,

__________________________

[1] Документите кои се доставуваат во прилог со барањето, не смее да бидат постари од шест месеци од поднесување на барањето. Истите се доставуваат во оригинал или електронски во pdf. формат.